Упатство за подготовка на усна презентација

1. Општи правила
Презентацијата мора да биде **оригинално дело на учениците**. Целта е да покажете како самите сте размислувале, планирале и истражувале.

Не е дозволено:

- Користење текст, слики, шеми, графикони, цртежи или табели генерирани со алатки со вештачка интелигенција
- Копирање содржина од интернет без наведување извор
- Бришење на задолжителните логоа (МБД и Ноември – месец на науката) од насловниот слајд

Дозволено е:

- Сопствени фотографии од експериментот
- Сопствени цртежи и шеми
- Графикони и табели изработени според вашите податоци
- Додавање на повеќе слајдови за секој дел од презентацијата (пр. 2 слајда за вовед, резултати)
- Промена на позадината на слајдовите (со силен контраст)

2. Образец за усна презентација
За креирање на усната презентација **треба** да се користи прикачениот документ.
Препорачуваме да се користи Widescreen 16:9

3. Структура на презентацијата
Презентацијата треба да содржи околу 8–12 слајдови. За секој дел може да има повеќе слајдови (пр. 2–3 слајдови за вовед, резултати итн.).

Слајд	**Што содржи**
Насловен слајд	Наслов на истражувањето, име на учениците, училиште, ментор.
Вовед	Што е познато за темата, зошто е важна и што ве мотивира. Може повеќе слајдови.
Цел и хипотеза	Целта на истражувањето (1–2 реченици) и хипотезата („Ако…, тогаш…“).
Материјали и методи	Што користевте, како работевте и колку пати повторивте.
Резултати	Графикони, табели, фотографии.
Заклучок	Дали хипотезата е потврдена? Што значат резултатите? Идеи за понатамошно истражување.

4. Дизајн на презентацијата
Имате слобода сами да го изберете дизајнот и изгледот на powerpoint презентацијата.
Препораки:
Внимавајте на големината на буквите и да постои контраст помеѓу текстот и позадината.
Избегнувајте користење светол текст на светла позадина.
Не ставајте премногу текст на еден слајд.

Слики и графикони

- Секоја слика, графикон или табела треба да има наслов
- Графиконите тгреба да имаат означени оски.